# „ЦУТ“ - НОВА КНИГА НА ПОЕТЕСАТА ЖАКЛИНА МИХАЈЛОВА

08.08.2014, 14:15:40



Стихозбирката е двојазична, на македонски и на англиски јазик, а содржи 132 хаику тристишја.

Во издане на „Бран“ од Струга, од печат излезе најновата книга со хаику поезија „Цут“ на Жаклина Михајлова. Стихозбирката е двојазична, на македонски и на англиски јазик, а содржи 132 хаику тристишја.

Рецензенти на книгата се проф. д-р Христо Петрески и м-р Трајче Кацаров. Наскоро „Цут“ ќе биде промовирана и во Македонија и во Австралија.

Зборувајќи за „Цут“, Петрески подвлекува: „Поетесата Михајлова убедливо навлегува во хаику светот и ја вади мудроста на површина, како блесок - сведоштво за доживеаниот хаику момент, но и како поука и средство за отварање очи кај читателот“.

Додека, Кацаров својата рецензија ќе ја наслови „Во формата, духот“ и со тоа истовремено ќе го ослика стилот на поетесата и ќе ги предизвика читателите да го прочитаат ова најново остварување.

„Со поетското дело ’Цут‘, здружението „Бран“ од Струга, ја продолжува традицијата на издавање литературни дела на автори од странство. Но, за првпат со книга на македонски автор од Сиднеј“, истакна издавачот Петко Шипинкаровски. Жаклина Михајлова родена е на 10 март 1964 година во Кочани, Македонија.

Во Сиднеј живее и работи од 1990 година. Дипломирала на Филолошкиот факултет во Скопје. Работела како новинар и водител во Македонската телевизија, професор по македонски јазик, дописник на повеќе весници и списанија низ светот, уредник и водител на македонските радио програми „Македонски бисери” во Волонгонг и „Македонски глас” во Сиднеј.

Денеска работи како учителка по македонски јазик во основното училиште во Калтон – Сиднеј, Австралија. Таа е активист и хуманист, промотор на македонскиот јазик и македонската култура и доброволно работи на организирање и креирање на манифестации кои го поттикнуваат зачувувањето на македонската култура и традиции.

Иницијатор е и организатор на Македонскиот бал за бизнисмени и професионалци во Австралија, а била организатор и на повеќе аматерски музички фестивали во Австралија, и на два детски музички фестивали во Сиднеј: „Македонче” и „Златно славејче”.

Објавувала поезија и проза во најразлични литературни списанија и весници ширум светот. Досега ги има објавено книгите: „Од по жица“ и „Двојник“, како и сликовницата за деца „Патувањето на Дедо Мраз“. Член е на ДПМ, на ДНМ, на Македонското литературно друштво „Григор Прличев”од Сиднеј и слично.

## ДОБЛЕСЕН „ДВОЈНИК “ (ЖАКЛИНА МИХАЈЛОВА), „ДВОЈНИК“, АГЕНЦИЈА ЗА ИСЛЕНИШТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА)

31.07.2014, 04:37:40



Деновиве, во издание на Агенцијата за иселеништво на Република Македонија излезе од печат новата поетска книга насловена “Двојник“на Жаклина Михајлова, македонска поетеса од Сиднеј, Австралија.

Книгата е поделена на три три дела: Илузија, Хармонија и Моја Македонија, каде што низ 50-тина песни Михајлова го осликува светот околу неа, животното искуство и љубовта во целина.Во автоскопот за книгата, таа експлицитно ќе нагласи дека “...Кристално чистите мотиви низ стиховите предизвикуваат мечта за длабока анализа на човечкото постоење.

Тие се предизвик за пресврт во размислувањето , од секојдневно до суштински генетичко и историско, за себеосознавањето и за гордоста на припаѓањето на народ, на земја, на историја која обврзува на почит.“ Рецензенти за ова дело се Проф. д-р Христо Петрески и м-р Марина Мијаковска, корицата ја изработи Ева Козаровска, а технички уредник е Јове Стојановски - Mactel Promotion од Сиднеј. „Ова е мое второ поетско дело и неизмерно ѝ благодарам на Владата на Република Македонија, што има разбирање за авторите кои творат на македонски јазик низ светот. Тоа е сестрана грижа за зачувување на македонското културно богатство, во случајот, изразено преку литературата. Агенцијата за иселеништво секоја година објавува наслови на Македонци кои творат надвор од Македонија. За нас, низ светов расселените Македонци , таа помош е света и значи дека не сме заборавени, дека сеуште припаѓаме на родната грутка, дека сме ѝ непроценливо богатство,“ изјави поетесата Михајлова и додаде: „Посебно сум горда што „Двојник“ е издадена и промовирана во Македонија токму за чествувањето на големиот наш национален празник ИЛИНДЕН, зашто длабоко сум убедена дека секој од нас Македонците, на свој начин може да допринесе за чествувањето на идеалите на Илинденците“.

Наскоро поетската книга „Двојник“ ќе биде промовирана и во Австралија. Makedonija katana mundi На мегдан еј, Македонци, за Армакедон излезете! Од вашето – туѓо не правете, со доброто зло победете! Еј, вековни паталци очи отворете, срце раширете... Еј, прадедовци аманет испраќаат: чакрите очакрете ги, црквите отворете ги, одродите проколнете ги, изродите дотолчете ги! Еј, свето вљубени, еј, свето примати, еј, свето писмени, еј, ѕвезди водилки,

## ЖАКЛИНА МИХАЈЛОВА ДОБИ НАГРАДА ЗА НЕГУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО АВСТРАЛИЈА

01.07.2014, 05:37:40



Во Сиднеј, Австралија се одржа традиционалната годишна вечера, што ја организира Федерацијата на етничките училишта во Нов Јужен Велс. На вечерата присуствуваа гости, претставници на 39 јазици, кои се зборуваат во Австралија.

Гости беа премиерот на Нов Јужен Велс, Мајк Беард, Стефан Романо- претседателот на Националната Федерација на јазици за Австралија, министерот Виктор Доминело, конзули на различни држави и други гости, родители, ученици, пријатели... Присутните ги поздрави Алберт Вела, претседател на Федерацијата.

Големата награда за совршеност во негувањето и зачувувањето на мајчиниот јазик во НЈВ и‘ беше доделена на Жаклина Михајлова, која неуморно работи за промоција и одржување на македонскиот јазик во Австралија.

Наградата на Михајлова и’ ја врачи премиерот на НЈВ, Мајк Беард. Ова е највисокото признание за јазици на заедницата што се доделува во НЈВ.

Специјална пофалба за долгогодишна работа во етничките училишта доби и Јорде Блажевски. Вечерта беа доделени наградите за наградниот конкурс за краток филм на мајчин јазик, како и награди за најдобри цртежи на тема „АНЗАК".

Инаку, вечерта, најприсутни меѓу гостите беа Македонците. Едноставно, доминираа. Изучувањето на мајчиниот јазик е корисна и света работа, затоа треба сите родители да ги праќаат своте деца на часови по македонски јазик.

## ПОЕЗИЈА НА ЖАКЛИНА МИХАЈЛОВА ОБЈАВЕНА ВО СВЕТСКА АНТОЛОГИЈА ХАИКУ ПОЕЗИЈАТА ВО РОМАНИЈА

07.04.2014, 18:50:44



Деновиве беше објавена светската Антологија на хаику поезија "Острење на зелениот молив" за 2014, во Романија. Меѓу автори од целиот свет, во потесниот избор беше застапена поезија на поетесата Жаклина Михајлова, објавена на англиски , македонски и романски јазик. Жаклина Михајлова твори на македонски јазик, но живее и работи во Сиднеј, Австралија, каде што , покрај другите активности, активно работи на промоција на македонската култура и македонскиот јазик.



## ИСЕЛЕНИЧКА ГРАМОТА - 2013 Г. ЗА ПОЕТЕСАТА ЖАКЛИНА МИХАЈЛОВА-УЧИТЕЛКАТА

10.11.2013, 21:55:08

Жаклина Михајлова: “Од по жица“, Македонско литературно друштво “Григор Прличев“ - Сиднеј (Австралија), 2013 година.Книгата “Од по жица“ од Жаклина Михајлова е двојазично издание, во кое се содржани вкупно 33 песни објавени на англиски и македонски јазик и

поделени во три циклуси и тоа: “Живот“, “На Македонија“ и “Австралија - вечен непокор.“ . Годинава , поетското небо во Македонија го обележа оваа стихозбирка, првенче на авторката од Сиднеј, која инаку е извонреден активист, која доброволно работи во македонската заедница во Австралија од првиот ден кога стапна во неа. Годинава Жаклина Михајлова е добитник на наградата “Иселеничка грамота“, што ја доделува Матицата на иселеници на Македонија , за најдобра објавена книга од нашите иселеници во странство, токму за нејзината прва самостојна творечка објава - стихозбирката “Од по жица.“ Жири-комисијата во состав: Христо Петрески, Иван Чаповски, Ефтим Клетников, Вера Стојчевска - Антиќ и Елена Оровчанец - Спироска, за наградената книга “Од по жица“ од Жаклина Михајлова констатира дека “таа се издвојува од останатата поетска продукција со својата заокруженост и целовитост, односно со тематско-мотивските содржини и применетите изразно-стилски постапки.“ Песните во збирката се едноставно напишани, за душа. Леснотијата со која Михајлова твори , всушност на површина го вади животот, секојдневната животна филозофија и стремеж, а тоа придонесува читателот да се поистовети со песните, па тие легнуваат на срце, како мелем на рана. Цел дијапазон на теми се проткајуваат низ збирката, песни посветени на најблиските, на другарките, песни кои мотивираат и инспирираат. Особено се силни и жестоки, на моменти, песните за Македонија и Македонецот, кои ја отсликуваат чистата љубов на авторката кон својата родна грутка. Со песните посветени на убавините на Австралија, Михајлова, всушност , потврдува дека е умешен автор со смисол за сликање и воочување на убавото во природата, на така суптилен поетски јазик , кој предизвикува желба за препрочитување и повторно навраќање на стиховите на поетесата. Оваа стихозбирка, всушност е како водич за подигнување на чувстата, како дневна доза на позитивното размислување, како прирачник како да се сака татковината, како потсетник за смислата на нашето постоење. Топло ви ја препорачувам, а истата може да се купи преку Македонско литературно друштво “Григор Прличев“ – Сиднеј или преку Македонскиот Телефонски Именик – Mactel, каде што Жаклина Михајлова - Учителката е еден од уредниците. Ние поетите посебно од Австралија и пошироко во Дијаспората на авторката на ова изванредно дело и посакуваме во блиска иднина да не изненади со нешто ново и во нејзин препознатлив стил.Пишува: Перо Дамчевски- Коцин





## ВО СИДНЕЈ СРЕДБА СО ПОЕТЕСАТА ЖАКЛИНА МИХАЈЛОВА

03.11.2013, 18:05:36



Во Литературното друштво “ Григор Прличев“, се одржа средба со поетесата Жаклина Михајлова, која неодамна се врати од Македонија, каде што ѝ беше доделена Наградата “ Иселеничка грамота , што традиционално ја доделува Матицата на иселеници, за стихозбирката “Од по жица“. Покрај традиционалното честење, Михајлова евоцираше спомени од убавиот помин во Македонија, кој ѝ е инспирација за сите активности на литературно поле во моментот. Очигледно, моментно во креативен врв, таа истакна дека има неколку нови книги од различни литературни жанрови веќе готови за печатење и неколку во тек на пишување. Има многу идеи за нови литературни дела, кои треба да бидат реализирани и , најверојатно , издадени следната година.Инаку престојот во Македонија, Михајлова го искористи за промоција на својата стихозбирка во Битола и во Штип, како и за средби со поети и писатели.Таа донесе и подарок за Библиотеката “ Григор Прличев “ , кој несебично го подарија неколкумина познати македонски автори. На Библиотеката своите комплет дела и ги подарија писателот Раде Силјан од издавачката куќа “Матица“, Писателот Христо Петрески од Издавачката куќа “ Феникс“, а како подарок беше испратено и списанието “ Современост“ чиј Главен уредник е Славчо Ковиловски. Исто така како подарок беа донирани и Збирките приказни за Александар Македонски од Др. Жан Митрев и на македонски и на англиски јазик, Водичот за Битола на Аница Ѓеорѓиевска, Монографиите на сликарите Љубомир Донски и Љубица Донска, како и други зборници и книги.“Подарокот беше великодушен и хуман гест од страна на Директорите и издавачите “ , истакна Михајлова и додаде дека,“ иако денеска светот е глобално село, се чини сѐ е на дофат на компјутерското копче, сепак на интернет има многу малку електронски книги на македонски јазик, па ова е ретка можност и читателите овде да се запознаат со богатството на македонската современа литература. Несомнено подеднакво е важна нејзината промоција и надвор од границите на Македонија.“Се надеваме дека овој позитивен потег ќе предизвика мотив да се развие нова стратегија за надополнување со книги на фондот, што моментно го поседуваат образовните и литературните асоцијации во Сиднеј, кои патем речено, исклучиво работат на доброволна база.

